Лазар НИКОДИМОВСКИ

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА СОЦИОЛОГИЈАТА ВО САМОУПРАВНО-ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

„Тука имаме работа со комунистичко општество не такво какво што се развило врз своја сопствена основа, туку обратно, со такво општество какво што всушност тоа излегува од капиталистичкто општество; со комунистичко општество, кое во секој поглед, во економски, морален, духовен, носи врз себе траги на старото општество од чија што утроба излегло".

Проблемите на положбата на човекот во сферата на општествениот труд и управувањето на трудот и со резултатите од неговата примена, добија централно значење во секое современо општество и станаа предмет на мошне ангажирано научно истражување и на бројни политички и идејни расправи во целиот свет. Во тоа најдобро не уверува сè поевидентното и сè понагласеното интересирање за различните облици на „индустриската демократија", партиципацијата, работничкото соодлучување и, посебно, за самоуправувањето како најрадикален облик на укинувањето на наемниот труд, како во неговиот приватнокапиталистички, така и во негов етатистички облик.

Сведоци сме дека современиот развиток на материјалните производни сили, поттикнат од научно-техничкиот и технолошкиот прогрес, не само што услови настанок на моќни средства за производство, туку доведе и до продлабочување и проширување на поделбата на трудот и до значаен пораст на неговата продуктивност. Паралелно со таквиот тренд на развиток на материјалните чинители на производството растеше и расте социокултурниот профил, севкупната способност и општествената свест на личниот чинител на производните сили — носителот на трудот (непосредниот производител). Во таква констелација на односите класичната противречност помеѓу производните сили и произ-

водствените односи сега се изразува како историска нужност за нивно усогласување, во таа смисла што стариот систем на општествените доноси да се доведат во согласност со новата природа на модерните производни сили, односно во таа смисла, што улогата на работникот — непосреден производител да се усогласи со неговата улога во производството.

Со еден збор, во светот на трудот и односите во него како основна област на општесвтениот живот се случуваат мошне длабоки и далекусежни промени, доаѓа до цела низа нови социјални појави и процеси кои нужно предизвикуваат во социолошката наука, и не само во неа, ред нови проблеми, посебно во животот на современата работничка класта, која што сè понагласено го поставува барањето барем да партиципира во управувањето со претпријатијата.

Стварноста на битката за самоуправни односи во наши услови, исто така, нужно предизвикува низа проблеми, еден дел нови, бидејќи се создаваат и нови општествени односи, на кои современата социолошка мисла треба да понуди одговор.

Ете тука ние го согледуваме исходиштето за сè поголемото интересирање за покомплексно социолошко изучување на човечкиот труд во неговите бројни појави форми и манифестации, што е уште еден доказ повеќе за општествената условеност на социологијата и социолошките истражувања за нејзината поизразена присутност и ангажираност на планот на теориското и емпириското изучување и осмислување на работничкото самоуправување. Во изучувањето и интерпретирањето, токму, на самоуправните односи, нашата социологија, посебно социологијата на трудот, треба да ги открива сите оние исходишта кои недвосмислено укажуваат дека тие односи се, всушност, производ на современиот степен на развиток на производните сили кои бараат сè повеќе автоматизација и научно-технолошки прогрес. Состајбата на производните сили во современиот свет сè поимперативно налага радикално менување на „олигархиската“ организација на трудот, па затоа самоуправувањето на тој план станува не само општествено-политичка туку и економска неопходност и нужност.

*

Самоуправувањето во Југославија, без оглед на интензитетот на неговиот развиток и афирмација, во теоријата и практиката, значи нов квалитет во борбата на работничката класа за натамошни продлабочени промени на современото општество и е израз на движењето од класна кон бескласна структура и односи.

Според Маркс во основата на општествените движења ситуиран е трудот, како и класната борба што се води помеѓу општествените класи токму во врска со примената на трудот, односно присвојувањето и распределбата на резултатите од трудот.

Познато е дека Маркс приватната сопственост над средствата за производство и врз условите на трудот ја смета за темелна институцијата на класното капиталистичко општество. Капиталистичките односи имаат за претпоставка одделеност на работниците од тие средства, а импликација на таква состојба е наемниот работен однос. Укинувањето на тие и таквите односи претпоставува надминување на приватната капиталистичка сопственост над средствата и условите на трудот, но врз основа на нивна општествена примена и користење.

Идејата на самоуправувањето исто така во себе ја вклучува и трансформацијата на сопственоста на социјалистичката држава на средствата и условите на трудот во повисоки облици на поопштествување во кои непосредните и здружените производители се вклучуваат во директно управување со тие средства. Тоа пак од своја страна претпоставува државата да ја напушти функцијата на акумулирање на вишокот на трудот наменет за проширена репродукција, и нејзино пренесување на производните асоцијации, како и создавањето такви облици на здружување на проводителите кои овозможуваат вршење, одржување и ширење на материјалната основа на здружениот труд.

Фундаменталната теориска премиса на марксистичките класичари за нужноста на одумирањето на државата го потврдува заклучокот дека новите општествени односи кои тендираат кон ослободувањето на трудот, односно односите кои настануваат од трудот како нивна темелна категорија — не можат да се воспоставуваат во рамките, категориите и облиците на старата организација. На пролетаријатот — истакнува Енгелс — „државата му е потребна не во интерес на слободата, туку во интерес на угушувањето на нејзините противници; а штом ќе биде можно да се зборува за слободата, државата како таква ќе престане да постои".

Бидејќи вистинската слобода на човекот произлегува од самата неговата природа, а трудот ја чини суштината на човековата природа, тогаш во состојбата и судбината на трудот се наоѓа исходиштето на неговата слобода или неслобода. Од овие премиси произлегува и самата суштина на општествената преобразба и основната можност за остварувањето на целите и пролетерската револуција. Историската шанса за почетокот на тие и таквите збиднувања почнуваат од оној момент кога настапува вториот чин на револуцијата, имено, чинот на „предавањето на фабриките

за управување на работниците". Со овој друг голем чин на револуцијата настапува моментот на одумирањето на државата, моментот на дијалектичкиот судир меѓу две нееднакви сили — силата на иднината и силата на минатото. Значи, главната противречност што ја воведува и предизвикува самоуправувањето, е неговата сопствена противречност со државата. А бидејќи одумирањето на државата се секако долготраен историски процес (со тоа што социјалистичката држава мора да биде организирана така што да го овозможува тој процес), тогаш самоуправувањето, нужно, ќе се развива во постојана спротивност со државата и државната организација.

Со други зборови, самиот чин — предавањето фабриките на управување (самоуправување) на работниците не е единствениот услов за развој и афирмација на самоуправувањето. Напротив, со овој чин токму почнува трновитиот пат на иднината, патот на жилавата и нермноправна борба помеѓу тенденцијата слободно здружениот труд врз себе да ја преземе севкупната судбина на општественото производство, судбината на ослободувањето на трудот, а со тоа и судбината на слободата воопшто; и другата тенденција, на давање отпор од државната структура за да не ги изгуби основните причини за нејзиното опстојување.

Процесот на трансформацијата на трудот во категорија на самоуправна организација емпириски се манифестира како прашање на предметното определување на самоуправната организација. Конституирањето на трудот како темелна категорија, како содржина, на новите општествени (самоуправни) односи емпириски е изразено во содржината на процесот на воспоставувањето на *здружениот труд* како носител, односно како *општествен* субјект на производството.

А тоа ќе рече, дека воспоставувањето на општествениот субјективитет на здружениот труд е производ на емпириското укинување на посредувањето помеѓу трудот , и израз на доминација на тенденцијата на разотуѓувањето на трудот, како и базичен услов за укинување на намениот однос, а со тоа и основата за репродукција на наемната свест.

Со изложувањето на општите карактеристики на самоуправното општество и самоуправниот општествен однос заснован врз трудот како негова темелна категорија и конститутивен принцип, како и на здружениот труд како општествен субјект на производството, намерата ни беше преку оцртувањето на неговата визија да укажеме на фактот, дека развојот на општеството во смисла на Марксовата „слободна асоцијација на производители" претставува долг, сложен, проткаен со противречности дилеми, историски процес.

Веднаш да истакнеме, дека конфликтноста на самоуправното општество не се изразува како општествен судир заснован врз класична основа како судир помеѓу основните општествени класи. Станува збор за судири и општествени спротивности од друг вид, судири помеѓу остатоците на класната структура на општеството и нивните социјални носители и самоуправувањето како нов прогресивен општествен однос и процес, како асоцијација на производителите кои претставуваат негација на класната структура на општеството.

Токму тој сложен сплет на општествени противречности, судири и дилеми со кои се соочува самоуправувањето во својот актуелен развиток недвосмислено бара ангажиран и активистички однос на социологијата во теориското осмислување на постојните состојби во нашето општество и отворање перспективи за неговиот натамошен развиток.

На крајот да завршиме со Марксовата мисла која што е мошне податлива за проблемот за кој расправаме. Тој пишува:

> „Нема широк пат што води во науката, и само оние имаат изгледи дека ќе се искачат на нејзините светли врвови кои не се плашат од замор при качувањето на нејзините угорничави врвици“.